ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1209 – 200/10**

**Дата: 18.12.2009**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Аеродром за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 и 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на општина Аеродром, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Наменската сметка на Општина Аеродром за 2006 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи дадено е позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Кирил Тодоровски – градоначалник на општина Аеродром во периодот од 01.01.2008 до 11.04.2008 и 10.10.2008 до 31.12.2008 година и

- Проф. д-р Југослав Зибероски – заменик-градоначалник на општина Аеродром во периодот од 07.05.2008 до 09.10.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 8 и 9 јули.2009, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Аеродром на 31.12.2008 година има неискористени средства од корисниците на наменските дотации во износ од 9,489 илјади денари. Овие средства иако се планирани со финансиските планови на корисниците останале неискористени во текот на буџетската година поради несоодветната комуникација помеѓу надлежните од општината со одговорните лица кај корисниците на буџетските средства. Непочитувањето на законските прописи и несоодветната комуникација придонесува на сметката за наменски дотации да има салдо на 31 декември.

**Препорака:**
Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно донесените финансиски планови на корисниците на тие средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Аеродром на ден 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиските извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

Скопје 11.12.2009 година                                        Овластен Државен Ревизор

## НАМЕНСКА СМЕТКА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 214.864 | 67.390 |
| **Вкупно приходи** | | **214.864** | **67.390** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 169.249 | 44.103 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 36.126 | 22.034 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **205.375** | **66.137** |
| **Капитални расходи** | - | **0** | **40** |
| **Вкупно расходи** | | **205.375** | **66.177** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **9.489** | **1.213** |

## НАМЕНСКА СМЕТКА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 9.489 | 1.213 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.489** | **1.213** |
| **Вкупна актива** | | **9.489** | **1.213** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 9.489 | 1.213 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **9.489** | **1.213** |
| **Вкупна пасива** | | **9.489** | **1.213** |